| | |
|---|---|
| **НАСЛОВ НА МАТЕРИЈАЛОТ:** | **ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА** |
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | Градоначалник на општина Охрид |
| **ОСНОВ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ:** | член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид ((„Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) |
| **ПРЕТСТАВНИК:** | Ѓоко Апостолов |
| **ОБРАБОТУВАЧ:** | Стручна служба |
| **НАДЛЕЖНОСТ:** | Совет на општина Охрид |

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден .12.2022 година, ја донесе следната:

**ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА**
**ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

# Вовед

Креирањето на годишната програма за работа на Секторот за туризам и локален економски развој е процес кој формира рамка која како базична цел ги има стратешките и развојните документи преку кои во континуитет се одржува туристичкиот развој на Охрид како град препознаен како врвна туристичка дестинација.
При одредување на програмските активности, Секторот се води по препораките за заштита на охридскиот регион како светско природно и културно наследство на УНЕСКО и истите се од траен битен интерес на заедницата, градот и регионот.
Со дефинирањето на програмските активности по претходно утврдените приоритети и цели кои се сметаат за најважни се постигнува нивно реализирање.
Согласно горенаведеното, во делот на туризмот фокусот е на следните насоки и активности на дејствување:

Согласно наведеното, работата на секторот во делот на туризмот е фокусирана на пет главни насоки на дејствување:

1. Развој на туристичка инфраструктура и производ
2. Туристичка промоција на Охрид
3. Стандардизација и развој на туристички услуги и производи
4. Управување со туристички дејности за стимулирање на развојот на туризмот

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2023 ГОДИНА**

За реализација на Програмата за 2023 во износ од **23.940.000,00 ден**. ќе бидат обезбедени средства од следниве приходи:

| | |
|---|---|
| Средствата предвидени како приход од таксата за привремен престој | **8.910.000,00 ден.** |
| Приходи од донации | **15.030.000,00 ден.** |
| **Вкупно приходи за 2023** | **23.940.000,00 ден.** |

## I. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРСТРУКТУРА И ПРОИЗВОД

Подобрувањето на туристичката понуда и производи е еден од клучните елементи во развојот на дестинацијата. Особено внимание треба да се обрнува на развој и подобрување на туристичката понуда со нови туристички содржини, и подобрување и адаптација на постоечките кон новите светски трендови. Збогатувањето на туристичката понуда и производи е од суштинско значење за одржување на константноста во атрактивноста и привлечноста на Охрид како туристичка дестинација.

### 1.1. Изградба на адреналински парк "OHRID GO adventuristic"

Целта на изградбата на адреналинскиот парк е подобрување и проширување на туристичката и спортска понуда, со цел привлекување странски и домашни посетители и групи, нудејќи им единствено катче за спорт, рекреација и дружење. Паркот ќе биде нова туристичко – рекреативна содржина, привлечен за многу потенцијални сегменти на посетители како млади парови, семејства со мали или големи деца, семејни собири, тим билдинзи, роденденски забави, странски посетители и посетители кои бараат уникатни спортски активности.

Паркот ќе зафаќа површина од околу 400 м2 и ќе биде направен според ЕУ стандардот EN15567 кој користи еден од најбезбедните системи за ваков тип на активности. Исто така, изградбата на паркот значи минимално влијание врз животната средина, а елементите што се користат главно се направени од дрво како одржлив ресурс, кое исто така е издржлив и квалитетен.
Адреналинскиот парк ќе биде изграден во склоп на поранешната касарна.

Средствата се обезбедени од проектот "OHRID GO".

| **Предвиден буџет** | **10.770.000,00 ден** |
|---|---|

### 1.2. Изградба на PUMP TRACK полигон "OHRID GO dynamic"

Полигонот Pump Track претставува кружна патека со кривини и заоблени контури, кој се користи во рекреативни цели за сите возрасни категории. Неговата форма овозможува забавна, но безбедна спортска активност. На него може да возат велосипедисти и други корисници од сите возрасти и нивоа на вештини. Како прогресивна структура, тој е совршен како за учење основни трикови, така и за обука на елитните спортисти. Подобен е за користење од страна на за сите видови на велосипеди, скејтборди, ролери, тротинети и слично. Иако полигонот овозможува изведување на разни трикови и акробации, истиот е безбеден и за најмладите корисници. Ќе биде изграден според европските стандарди за игралишта, следејќи ги европските безбедносни норми EN 1176, EN 1177, EN 15312 и EN 14974.

Со неговата изградба се предвидува збогатување на туристичката понуда, како и добивање на ново рекреативна содржина за сите категории на посетители.

Полигонот Pump Track ќе биде изграден во склоп на поранешната касарна.

Средствата се обезбедени од проектот "OHRID GO".

| **Предвиден буџет** | **4.260.000,00 ден** |
|---|---|

### 1.3. Бесплатен Hot Spot Интернет “OHRID GO connected”

Поставувањето на бесплатен hot spot интернет на јавни локации е одлична можност за посетителите и гостите во градот преку користење на бесплатен интернет да добијат информации за туристичката понуда и услугите во градот. Планирано е обезбедување на бесплатен hot spot интернет на неколку најпосетувани локации во Охрид.

| | |
|---|---|
| **Предвиден буџет** | **200.000,00 ден** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно предвиден буџет за I:** | **15.230.000.00 ден** |

## II. ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД

Промоција и маркетинг на дестинацијата и обезбедување на поцелосно застапување на конкретни локални/регионални интереси преку зајакнување на локални/регионални иницијативи и поврзување на засегнатите страни на локално / регионално и меѓународно ниво со цел да се создадат меѓународно конкурентни туристички производи.

### 2.1. Промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид

Промоција на туристичкиот потенцијал ќе се реализира преку стандардните начини на промоција, но ќе бидат применети и нови, современи пристапи во промовирањето на туристичката понуда и потенцијалите на Охрид.
Воедно, оваа активност предвидува директни или индиректни претставувања на Охрид на туристичките берзи и саеми, како и партиципација на промотивни настани во странство.
Целта на оваа активност е да се претстави Охрид на емитивните туристички пазари.

| **Предвиден буџет** | **250.000,00 ден** |
| --- | --- |

### 2.2. Редизајн на ohrid.com во туристичко информативен портал

Оваа активност вклучува редизајнирање на веб страната www.ohrid.com со цел поширока промоција на културно-историското наследство на градот Охрид, како и споделување на информации од промотивен карактер кои ќе се од корист на туристите и посетителите на Охрид. На веб страната, покрај за културно-историските знаменитости ќе бидат содржани информации за сместувачките капацитети на градот, информации за настани како и останати содржани кои ќе бидат од корист на посетителите и туристите.

| **Предвиден буџет** | **400.000,00 ден** |
| --- | --- |

| **Вкупно предвиден буџет за II:** | **650.000,00 ден** |
| --- | --- |

## III. СТАНДАРДИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ

Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во заедницата и развивање на свеста за економската важност, социјалните и другите ефекти од туризмот, подигање на човечките капацитети и ресурси во алтернативниот туризам, како и потребата и важноста од зачувување и подобрување на сите елементи на туристичката ресурсна база на охридската туристичка дестинација, а особено заштитата на животната средина како и природното и културното наследство во согласност со принципите на одржлив развој и препораките на УНЕСКО ќе бидат основа за развој на туристичката дестинација.

### 3.1. Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој

Микропроектите претставуваат ефикасна форма на финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за реализација на развојни идеи во областа на туризмот. Активноста ќе се реализира со објавување на јавен повик, по претходно утврден правилник за критериуми за учество.

**Предвиден буџет** **500.000,00 ден**

### 3.2. Реализација на активности од Анализата на визуелното оптеретување на градот и правилникот за стандардизација и визуелна унификација - “OHRID GO authentic”

Елементите на урбаната опрема претставуваат нишка која "ги спојува" деловите на градот како целина. По искуствата и принципите на туристичките метрополи со стари автентични градски јадра, таа треба да има униформен изглед (дизајн, материјали, бои), осмислено поставени - со јасни правила / принципи на распоред со одреден ритам и "геометриска логика". Само на овој начин “јавната опрема” може да придонесе за уредноста, просторниот и визуелен поредок на градот, (посебно најексклузивниот дел на градот), кој индиректно ќе влијае врз целокупното однесувањето на луѓето, гостите и туристите.

Општина Охрид преку секторот за Туризам и локален економски развој, финансираше изработка на истражување под наслов Анализа и елаборатот за визуелното оптеретување на градот.

Во 2022 година е изработен правилник за стандардизација и визуелна унификација на локациите опфатени со Анализата на визуелното оптеретување на градот Охрид и Каталог на стандардизирана и визуелно унифицирана урбана текстура, урбан мобилијар и утилитарни објекти, типолошки серии на опрема, материјали за изработка, начин на поставување и дизајн со карактеристики на обликовна унификација на урбана опрема за уредување и опремување на јавни површини на територијата на градот Охрид.

Целта на оваа мерка е преку учество на сите засегнати страни чии интерес е зачувување на традиционалниот локален, урбан амбиент и ревитализација на автентичниот културно историски идентитет и специфичност, да се пристапи кон синхронизирани активности за воведување на правилникот и каталогот во употреба преку типизација на јавниот простор со урбана опрема, урбан мобилијар и уредување на архитектонските сегменти кои се во негово видно поле (од полесен карактер) со што ќе се овозможи започнување напроцесот на визуелна ‘кодификација‘ и препознатливост на заштитеното јадро (препознатливост во однос на останатиот дел) а со тоа и уредност, просторен и чист визуелен поредок и поврзаност на неговите просторни секвенци кои се различни по своите урбани функции, туристички, економски, културни и други функции.

**Предвиден буџет** **2.700.000,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за III:** **3.200.000,00 ден**

## 4. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ

### 4.1. Усвојување на стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид

Финализирање на усвојувањето на Стратегијата за туризам за Охрид.

**Предвиден буџет** **0,00 ден**

### 4.2. Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид

Локалната самоуправа согласно надлежностите и законските обврски, преку Секторот за ТЛЕР – Одд. за туризам во 2019 ќе продолжи со активностите за управување со туристичките дејности од мал обем во кои влегуваат:

- Евиденција, регистрација, категоризација како и продолжување на решенијата за категоризација на сместувачки капацитети од мал обем.
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги во селски, етно и еколошки туризам,
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристичка дејност – вршење на услужни дејности, изнајмување на пловила за забава (сандолини), даска за едрење и слично..),
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристички услужни дејности поврзани со водениот превоз кои се реализираат со пловен објект со јачина на мотор кој не надминува 10 коњски сили и кој вклучува превоз на максимум 12 лица.

**Предвиден буџет** **0,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за IV:** **0,00 ден**

## 5. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

### 5.1. Средства од аплицирани и одобрени проекти

Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во склоп на развој на туризмот, а претставуваат активности кои би се реализирале во рамки на проекти финансирани од други страни и донатори.
Во тек е реализацијата на проектот „Изградба на вежбалиште за голф", финансиран од МЛС. Износот на проектот е 6.380.500,00 мкд. Од нив 5.700.000,00 се грантови средства од МЛС, а 680.500,00 мкд се сопствено учество. Бидејќи проектот почна да се реализира во Ноември, а рокот на реализација е Април 2023 година, дел од активностите би се реализирале во 2023, согласно тоа, потребно е да се предвидат 4.560.000,00 мкд.

**Предвиден буџет 4.560.000,00 ден**

### 5.2. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти,** како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот плански регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции.

**Предвиден буџет 300.000,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за V: 4.860.000,00 ден**

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2022: 23.940.000,00 ден**

**РЕКАПИТУЛАР**

| Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Активност** | **Средства од буџет** | **Средства од донации** | **ВКУПНО** |
| **I** | **РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРСТРУКТУРА И ПРОИЗВОД** | | | |
| 1.1. | Изградба на адреналински парк “OHRID GO adventuristic” | | 10.770.000,00 | 10.770.000,00 |
| 1.2. | Изградба на PUMP TRACK полигон “OHRID GO dynamic” | | 4.260.000,00 | 4.260.000,00 |
| 1.3. | Бесплатен Hot Spot Интернет “OHRID GO connected” | 200.000,00 | | 200.000,00 |
| | **Вкупно 1** | **200.000,00** | **15.030.000,00** | **15.230.000,00** |
| **II** | **ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД** | | | |
| 2.1. | Промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид | 250.000,00 | | 250.000,00 |
| 2.3. | Редизајн на ohrid.com во туристичко информативен портал | 400.000,00 | | 400.000,00 |
| | **Вкупно 2** | **650.000,00** | **/** | **650.000,00** |
| **III** | **СТАНДАРДИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ** | | | |
| 3.1. | Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој | 500.000,00 | | 500.000,00 |
| 3.2. | Реализација на активности од *Анализата на визуелното оптеретување на градот* и правилникот за стандардизација и визуелна унификација - “OHRID GO authentic” | 2.700.000,00 | | 2.700.000,00 |
| | **Вкупно 3** | **3.200.000,00** | **/** | **3.200.000,00** |
| **IV** | **УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ** | | | |
| 4.1. | Усвојување на стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид за 2020-2025 година | 0,00 | | 0,00 |
| 4.3. | Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид | 0,00 | | 0,00 |
| | **Вкупно 4** | **0,00** | | **0,00** |
| **V** | **ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.1. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | 4.560.000,00 | | 4.560.000,00 |
| 5.2. | Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти | 300.000,00 | | 300.000,00 |
| | **Вкупно 5** | **4.860.000,00** | **0,00** | **4.860.000,00** |
| **ВКУПНО** | | **8.910.000,00** | **15.030.000,00** | **23.940.000,00** |

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08 -**
**.12.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев**